Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

Извадок на дел од дневни настани 02.07.2021

На 02.07.2021 од страна на полициски службеници при СВР Битола во угостителски објект на Градското шеталиште во Битола бил лишен од слобода Б.Ж.(27) од Битола, кај кого при преглед бил пронајдени и одземен кокаин. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.07.2021 во 17.30 часот од полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Центар од слобода бил лишен 16-годишник од Скопје, бидејќи при извршен преглед кај него биле пронајдени марихуана, дробилка за марихуана и ризли. По целосно расчистување на случајот, против него ќе следи соодветен поднесок.

На 01.07.2021 во туристичка населба Отешево од страна на полициски службеници од СВР Битола од слобода се лишени Ф.В.(28) од Битола, С.К.(26) од с.Штрбово, ресенско, Ѓ.Ј.(34) од Битола и И.Л.(41) од с.Дихово, битолско, поради основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". Против нив ќе биде поднесена соодветна пријава по чл.215 од Кривичниот законик.

На 01.07.2021 во 19.10 часот на бул.„Србија" во близина на бензинска пумпа од страна на полициски службеници од Единица за внатрешни работи – Одделение за криминалистички работи Кисела Вода, отсек Потраги, од слобода е лишен А.М.(35) од Скопје, по претходно добиена судска наредба од Основен кривичен Суд Скопје за издржување на казна затвор. Тој е осуден за сторено кривично дело „кражба" по чл. 235 од Кривичниот законик. А.М. ќе биде спроведен во казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 01.07.2021 околу 13.45 часот во Свети Николе од полициски службеници од СВР Штип бил лишен од слобода Н.Ш.(22) од с.Студеничани, скопско, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти", казниво по член 418-б од Кривичниот законик. При контрола на патничко возило „мерцедес", во кое бил осомничениот, биле пронајдени осум лица мигранти од Бангладеш. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.02.2020 во 21.45 часот, од полициски службеници од СВР Скопје во с.Стајковци, при извршен преглед кај И.А.(37) од Скопје, бил пронајден нож. Тој бил приведен поради сомнение за сторен прекршок од Законот за оружје. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.07.2021 околу 23.30 часот, во тетовски Лешок, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 36-годишниот Ј.Л. од тетовско Слатино, затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и по документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 01.07.2021 СВР Штип спроведе засилена акциска контрола во областа на сообраќајот, при што се изречени 104 мерки, меѓу кои 58 за управување возила со брзина поголема од дозволената, 3 за управување возило под дејство на алкохол, 10 за управување возило без возачка дозвола, 5 за нерегистрирано возило, 1 за непрописно престигнување, 3 за некористење сигурносен појас и 24 прекршоци што ги чинат возачите на мотоцикли.

На 01.07.2021 во 22.40 часот било пријавено дека на магистралниот пат Битола-Ресен, кај превој „Ѓавато", во близина на мостот над с.Кажани, се случила сообраќајна незгода помеѓу влечно возило „даф" со приклучно возило „череау", со ресенски регистарски ознаки, управувано од З.С.(59) од Ресен и патничко возило „опел мерива", со охридски регистарски ознаки, управувано од В.С.(53) од Охрид. Од здобиените повреди на местото на незгодата починале двајцата возачи. Смрт констатирал лекар, а увид извршиле увидна екипа од СВР Битола и Јавен обвинител, по чија наредба телата на починатите се дадени за обдукција.

Во текот на изминатото деноноќие (01.07/02.07.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 31 прекршок.

СВР Струмица на 01.07.2021 спроведе засилени контроли над возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа биле констатирани 36 прекршоци.
Истиот ден, СВР Струмица спровел засилени мерки и над возачи на мотоцикли, при што биле констатирани 11 прекршоци, од кои 5 биле за некористење на заштитен шлем-кацига за време на возење, 3 за управување без возачка потврда/дозвола, 2 за изминат рок на важност на регистрацијата. Сите констатирани прекршоци биле соодветно санкционирани

На 01.07.2021 во 23.00 часот било пријавено дека на локалниот пат кој го поврзува с.Морани со с.Зелениково се случила сообраќајна незгода помеѓу трактор „имт" со цистерна „змај", управуван од Б.К.(24) од с.Морани и патничко возило „шкода", со скопски регистарски ознаки, управувано од З.П.(60) од Скопје. Во незгодата возачот на патничкото возило се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 01.07.2021 во 17.40 часот во Полициската станица Бит Пазар, Е.Д.(23) од Скопје пријавила дека во паркот Чаир била касната од куче скитник.

На 01.07.2021 година во 13.00 часот во Полициската станица Чаир, В.С.(69) од Скопје пријавила дека на ул.„Радишанска" била касната од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против Е.С.(51) од Дебар, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „бесправно градење" и „узурпација на недвижности". Во текот на септември 2020, пријавениот како инвеститор, на крајбрежјето на Дебарското езеро, на место викано „Бадеми", општина Дебар, узурпирал државно земјиште со површина од околу 90м2 и без да обезбеди одобрение за градба започнал градба на објект, кој се гради без решение за изведба на градење, што е во спротивност со член 74 вв член 73 ст.1 алинеја 13 од Законот за градење.

На 01.07.2021 во 14.30 часот, било пријавено дека на место викано „Голиево", атар на с.Мирковци, скопско, настанал пожар на терасата на горниот кат во викенд куќа, сопственост М.Т.(61) од Скопје. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од страна на Бригадата за противпожарна заштита.

Сектор за внатрешни работи Велес поднесе кривична пријава против М.А.(51) и З.Д.(41), двајцата од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори". На 29.06.2021 во 18.50 часот, во викенд куќа на место викано „Бојаџиева чешма", од полициски службеници бил извршен претрес, при што биле пронајдени и одземени 93 грама хероин. На пријавените им е изречена мерка притвор во траење од 30 дена и биле спроведени во Казнено-поправна установа Затвор Скопје.

На 01.07.2021 во 23.30 часот било пријавено дека на подрачјето на Бит Пазар С.Ј.(52) од Скопје, по претходна расправија, бил физички нападнат од неколку лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 01.07.2021 во 12.10 часот во Охрид од полициски службеници бил приведен В.Ѓ.(28) од Битола, поради тоа што околу 10.25 часот, по претходна вербална расправија поради недоразбирање во сообраќајот, физички ги нападнал Љ.З.(38) и Љ.Н.(63), двајцата од Охрид. Според пријавеното при нападот тој употребил тврд предмет, притоа оштетувајќи му го и возилото кое го управувал Љ.З., а им се заканувал и со остар предмет, по што Љ.З. со тврд предмет го оштетил возилото и на пријавениот. По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 01.07.2021 во 18.30 часот од СРЦ „Билјанини извори" - вакцинален пункт во Охрид бил приведен С.К.(56) од Струга, затоа што се однесувал агресивно кон полициски службеници и лекари од пунктот кои извршувале службени дејствија. Сочинет е записник за сторени прекршоци по чл.4 и чл.13 ст.2 од ЗППЈРМ.

На 01.07.2021 во 20.45 часот било пријавено дека во кругот на касарната „Ѓорче Петров" настанал пожар, во кој биле опожарени два дрвени вагона кои служеле за вежбовни активности. Пожарот бил изгаснат од страна на Бригадата за противпожарна заштита. Извршен е увид.

На 01.07.2021 во 22.45 часот Ф.А.(21) од Скопје пријавил дека околу 21.30 часот на патот Арачиново-Мојанци бил пресретнат и сопрен од Ф.М, Б.М., С.М. и уште едно лице, при што Ф.М. му се заканувал со огнено оружје. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Д.С.(29) и А.Џ.(28), двајцата од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 11.06.2021 во 01.10 часот, на регионален пат во Струга, од полициски службеници биле затекнати пријавените како се движат со патничко возило и при извршена контрола било констатирано дека не поседувале дозвола за движење, во време на изречена забрана за движење, односно не ги почитувале мерките за заштита од ковид- 19.

На 01.07.2021 во 10.30 часот на кеј „Димитар Влахов" А.Т.(59) од Скопје се однесувал агресивно кон полициски службеници кои вршеле службени дејствија. Сочинети биле записници за константирани прекршоци по чл.4 и чл.13 ст.2 од ЗППЈРМ.

На 01.07.2021 во 18.40 часот во Полициската станица Ѓорче Петров Ц.С.(68) од Скопје пријавила дека од домот се одалечила нејзината ќерка И.С.(43). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против И.В.(54) од Кукс, Р. Албанија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 15.06.2021 во 00.30 часот, на регионален пат кон Граничен премин Ќафасан, од полициски службеници при вршење контрола бил затекнат пријавениот како се движи со патничко возило и при извршена контрола било констатирано дека не поседувал дозвола за движење за време на изречена забрана за движење, односно не ги почитувал мерките за заштита од ковид- 19.

На 01.07.2021 во 20.32 часот А.В.(28) од с.Грчец, скопско, пријавил дека во с.Грчец во близина на неговиот дом, неговиот роднина Е.В., со кого не биле во добри односи, кој се движел со патничко возило „опел астра", од огнено оружје испукал во воздух неколку куршуми. Во 22.20 часот А.В. повторно пријавил дека членови од семејството на пријавениот телефонски му се заканувале. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 01.07.2021 во 16.40 часот било пријавено дека на ул.„Орце Николов", во подземни гаражи, настанал пожар кој зафатил патничко возило „мерцедес", сопственост на Б.Ј.(61) од Скопје, патничко возило „пежо", сопственост на А.Б. и патничко возило „фолксваген пасат", сопственост на Д.П.(46) од Скопје, при што биле опожарени и одводна канализација и кабли. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од страна на екипа од Бригадата за противпожарна заштита. Извршен е увид.

На 30.06.2021 во 12.00 часот во Полициската станица Аеродром, од згрижувачко семејство било пријавено дека од домот се оддалечиле тројца малолетни штитеници, кои и претходно повеќе пати се оддалечувале и биле враќани назад. Според пријавеното, децата најверојатно се со нивната мајка. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет